# „МИНСТРОЈ ХОЛДИНГ“ А.Д. и „БУЛМАК 2016“ И ОВАА ГОДИНА ТРАДИЦИОНАЛНО ГО ОДБЕЛЕЖУВААТ 28ми АВГУСТ - ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ

По повод **28ми** Август – Денот на Рударите и Успение на Пресвета Богородица - Голема Богородица, заштитничка на рударите, „Минстрој Холдинг“ А.Д. и “Булмак **2016**“ традиционално, по 6ти пат, организираат “Ден на Рударите“, настан наменет за вработените во компанијата и за деловните партнери и соработници. Оваа година, прославата ќе се одржи на **28.08.2023** *(понеделник)* на Градскиот Стадион во Крива Паланка, со официјален почеток од **10:00** часот.

„Минстрој Холдинг“ А.Д. преку „Булмак **2016**“ повеќе од 7 години успешно раководи со работата на рудниците “Злетово“ во Пробиштип и “Тораница“ во Крива Паланка. Добиените концесии за експлоатација на руда и минерали значеа задача за инвестиции во модернизација на опремата и производството, како и константно подобрување на условите за работа и безбедност. Свесни за речиси вековната традиција и значењето на рударството за Пробиштип и Крива Паланка, како доминантно рударски градови, „Булмак **2016**“ работи и инвестира во одржување и негување на рударскиот занает. Токму затоа главен фокус во деловното работење на компанијата е раст, напредок и секако, оптимални услови за работа и задржување на трендот на стабилно работење и постојан развој, нивото на инвестиции, од почетокот со работа до денес.

Како општествено-одговорна компанија, „Булмак **2016**“ ја уважува значајноста на рударството и покрај директната поддршка за општина Пробиштип и општина Крива Паланка, дава свој директен придонес кон вработените. Во оваа насока, со организација на традиционалната прослава “Ден на Рударите“, „Минстрој Холдинг“ А.Д. и “Булмак **2016**“ ја изразуваат благодарноста кон сите рудари во Пробиштип, Крива Паланка, Кратово и пошироко во Регионот, кои активно придонесуваат за развојот на оваа индустриска гранка.

За таа цел Ве известуваме дека покана со ваучер за присуство ќе биде доставена до сите вработени во „Булмак **2016**“.

**Од Булмак 2016**